# Security for Human Beings and Borders

Combating Smuggling of Migrants in the Western Balkan

This project is funded by the European Union



# Национален мониторинг извештај за криумчарење мигранти Северна Македонија

Скопје, Април 2023

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL

# Национален мониторинг извештај за криумчарење мигранти Северна Македонија

Скопје, Април 2023


**Издавач:**
Група 484
Пуковника Бацића 3
11000 Београд, Србија
www.grupa484.org.rs

**За издавачот:**
Мирослава Јелачић Којић



**Автори**
Ирена Здравкова
Душица Нофитоска
Мартина Смилевска



**Уредник:**
Диме Ѓорчевски
Назиф Авди

**Печати:**
POLYESTERDAY

**Тираж:**
50 ком



Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија во рамки на проектот „Безбедност на човекот и границите –Борба против криумчарење на мигранти во Западен Балкан“. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина


**1. ВОВЕД** ... **3**

**2. МЕТОДОЛОГИЈА** ... **5**

**3. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТИТИ** ... **6**

**4. ФЕНОМЕНОТ НА КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ-ПОГЛЕД ОД ПРАКТИКАТА** ... **8**

Modus operandi на криумчарење мигранти во земјата ... 8

Криумчарени мигранти ... 13

Соработка со релевантни институции ... 15

Практиката на спречување на криумчарење и заштита на криумчарени мигранти ... 16

**5. ПРЕДЛОГ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИТЕ – СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРАКТИКИ (СОП) ВО ЗЕМЈАВА** ... **17**

**АНЕКС I** ... **20**

**АНЕКС II** ... **25**

# 1. Вовед

Република Северна Македонија продолжува да се користи како активна транзитна рута за движење на нерегуларните мигранти и бегалци со цел да стигнат до развиените земји за трајно населување. Со затворањето на таканаречената *Балканска миграциска рута* во 2016 година, заврши речиси 8-месечната практика на олеснети мешани миграциски текови низ земјата. Но, и по затворањето, миграциското движење за мигрантите заглавени во Грција продолжува до ден-денес со повторно активирање на активностите на криумчарите.

Земјата има конструктивен пристап кон управувањето со мешаните миграциски текови што вклучува соработка со земјите од регионот и земјите-членки на ЕУ. Земјата сè уште се соочува со предизвици во овозможувањето соодветни услуги и услови за живот за мигрантите, иако мал број нерегуларни мигранти може да бидат заглавени во земјата на подолг период. Регистрацијата на мигрантите, спроведувањето соодветно профилирање на нивните потреби и упатувањето до националните механизми за заштита продолжуваат да бидат предизвик и треба систематски да се решаваат.[1]

При нивното движење, честопати, бегалците и мигрантите ангажираат криумчари, за да им помогнат при транзит низ земјата, со што се изложуваат на сериозни прекршувања на човековите права, експлоатација и други злоупотреби. Честопати, тие завршуваат со трговија со луѓе. Многу извештаи покажуваат дека криумчарите користат различни пристапи и тактики за да избегаат откривање од властите и само дел од вкупниот број нелегални движења се идентификувани и официјално обработени. Властите во земјава постојано усвојуваат нови пристапи за справување со предизвиците од ирегуларно преминување на границите и криумчарењето мигранти. Еден пример е заедничката соработка и воспоставувањето мешани гранични патроли, составени од македонска и странска полиција распоредени долж граничните области, како и други оперативни активности преземени и на национално и на регионално ниво. Понатаму, со потпишувањето на договорот меѓу ЕУ и Северна Македонија за оперативна соработка во управувањето со границите со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, полициски службеници,[2] ФРОНТЕКС ќе бидат распоредени во земјата со цел да се подобри целокупното управување со миграцијата и заштитата на границите.

И покрај фактот што националните власти станаа поуспешни во откривањето на криумчарење мигранти и активности за трговија со луѓе, според Годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија,[3] се бележи севкупен пораст на криумчарењето мигранти. Имено, бројот на мигранти кои ирегуларно транзитирале низ државата во 2022 година ги следат трендовите од претходните години, иако властите биле поуспешни во спречувањето ирегуларно преминување на границата за 31,2% во споредба со 2021 година. Од вкупниот број на спречени ирегуларното гранично преминување, мнозинството се пресретнати на границата со Грција 24968, а помал број на границата со Република Србија, Албанија, Бугарија и Косово.

**Ирегуларен граничен премин во Северна Македонија**

| Година | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Грција | 24968 | 18424 |
| Србија | 2270 | 2277 |
| Албанија | 111 | 130 |
| Бугарија | 4 | 6 |
| Косово | 41 | 37 |
| **Вкупно** | **27394** | **20874** |

1 Извештај на ЕУ за 2022 година за Северна Македонија, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

2 Договорот за статусот за ФРОНТЕКС беше потпишан на 26 октомври 2022 година, https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/ip_22_6417

3 Annual Report of the Ministry of Interior Affairs of the Republic of North Macedonia 2022, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20 izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_2022 _%D0%9C%D0%92%D0%A0.pdf

Најголем притисок на границите е забележан во периодот од април до септември кога беа спречени најголем број на обиди за ирегуларни преминувања. Бројките покажуваат дека обидите за илегално преминување на границата на граничната линија со Грција од мигранти кои подолг период се заглавени во таа земја се зголемени за 35,5%. Најдоминантна група се мигрантите од Сирија, приближно 11.000, чиј број енормно скокнал за 4,2 пати во 2022 година во споредба со 2021 година, со 2644 лица од оваа земја. Другиот значителен број мигранти потекнуваат од Пакистан и Мароко. Новина за земјава е злоупотребата на безвизниот режим за лица од Турција, Тунис, Индија, Куба, Кина, Бурунди, Египет итн. Во исто време, властите беа поуспешни во пресретнувањето и спречувањето на илегалните преминувања на границата на лица од Индија, Конго, Ирак, Палестина, Куба и лицата без државјанство.[4]

Со зголемувањето на криумчарските активности во земјава, зголемен е и бројот на откриени случаи на криумчарење мигранти за 67,2%, но истовремено е зголемен и бројот на спречени случаи на криумчарење мигранти за 80%[5]. Во рамки на откриените случаи на криумчарење, сузбиена е 13-члена организирана криминална група.[6] Групата оперирала на национално ниво и криумчарела мигранти од територијата на Република Грција, преку територијата на Република Северна Македонија кон Република Србија.

**Случаи на криумчарење мигранти**

| Година | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| Бр. на откриени случаи | 107 | 64 |
| Бр. на кривични дела | 79 | 49 |
| Бр. на криумчари | 122 | 77 |
| Бр. на криумчарени мигранти | 1454 | 815 |

Полициските службеници на јужната граница откриле 73% од вкупниот број евидентирани случаи на криумчарење во земјава. Од сите случаи, спречено е криумчарење на 1454 мигранти во земјата - Сирија - 759, Пакистан 405 и помал број државјани од Индија, Авганистан и Куба. Полицијата секојдневно известува за откриени криумчарења на мигранти. За транзит низ земјата, овие луѓе плаќаат многу пари на криумчарите, а не ретко завршуваат ограбени, малтретирани, па дури и тепани до смрт. Бројките ни покажуваат дека така наречената *Балканската транзитна рута* не само што не може целосно да се затвори без оглед на бројот на домашни и странски полицајци распоредени на терен, туку се уште активно се користи и од мигранти и од криумчари бидејќи се смета за една од најбрзите и најбезбедните рути за да се стигне до земјите на ЕУ.

4 ibid.

5 Ibid .

6 Net Press, Internet news article, https://en.netpress.com.mk/2022/12/21/police-suppress-13-member-criminal-group-smuggled-migrants/

# 2. Методологија

Националниот мониторинг извештај е преглед на информации и податоци, собрани преку теренски посети и спроведени интервјуа со релевантни институции во Северна Македонија, вклучени во системот за борба против криумчарење мигранти и заштита на правата на криумчарените мигранти и жртвите на трговија со луѓе. Неутралниот пристап во презентирањето на информациите за миграцијата и криумчарењето, без интервенција од авторите на овој извештај, има за цел да ја сведе на минимум нивната перспектива и толкување на собраните податоци. На крајот, врз основа на функционалноста на целокупниот систем за управување со миграцијата, овој извештај ќе ги вклучи погледите на МЗМП за воспоставување на поформална соработка и партнерство помеѓу граѓанските организации и властите на оваа тема со цел да се зајакне националниот систем и да се обезбеди севкупна транспарентност.

Собирањето податоци беше спроведено со ангажман на претходно избрани локални граѓански организации,[7] кои поседуваат капацитети, искуство и експертиза за работа и заштита на правата на ранливите групи, вклучително и мигрантите. Истражувачи од 6 национални граѓански организации[8] беа вклучени во собирањето на информациите и другите податоци користејќи два методи:

- Мониторинг посети во областите блиску до границите на кои се откриени најголем број нерегуларни премини во државата и на неформални места за собирање мигранти итн.
- Интервјуа со клучните национални чинители кои се задолжени за миграции и борба против криумчарење мигранти, како и со релевантни меѓународни организации кои спроведуваат или обезбедуваат поддршка за спроведување на проекти фокусирани на заштита на мигрантите и/или децата и жените.

Во зависност од нивото на искуство, истражувачите имаа задача да комуницираат со релевантниот персонал од назначените институции следејќи го збирот на насочувачките прашања[9] и структурата на националниот мониторинг извештај.

Мапирањето на избраните релевантни институции беше спроведено земајќи ги предвид мандатот и надлежностите на институциите, нивната меѓусекторска соработка, теренската работа и воспоставените практики во земјата.

Со интервјуата и/или теренските посети беа опфатени следните институции: Министерството за внатрешни работи (различни оддели и сектори), Министерството за труд и социјална политика, Националниот механизам за упатување, Центарот за социјална работа, Народниот правобранител на Северна Македонија , Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Кривичниот суд, Транзитниот центар Винојуг во Гевгелија, Транзитниот центар Табановце во Куманово, Прифатниот центар за баратели на азил во Скопје, Шелтер центарот за жртви на трговија со луѓе, меѓународни организации(УНХЦР) и други локални институции вво градот Битола.

Податоците беа собрани од ноември 2022 до март 2023 година и сумирани во 12 индивидуални извештаи подготвени од истражувачите.

При пишувањето на овој извештај, беа консултирани дополнителни извори како достапни официјални извештаи и статистика.

7 Мотивацијата и капацитетот на организациите да работат на полето за спречување и заштита од криумчарење мигранти беа оценети преку интервјуа, спроведени врз основа на претходно подготвен прашалник. Прашалникот ги опфати трите клучни сегменти на надлежностите/капацитетите на организациите: 1) Запознавање со работниот контекст поврзан со миграцијата - национален, регионален и ЕУ, 2) капацитетите на граѓанскитте организации и 3) Запознавање со темата за криумчарење мигранти, искуството и мотивацијата во областа на борбата против криумчарењето мигранти. Прашалникот е вклучен како Анекс I во овој извештај.

8 Граѓански организации: Легис, Отворена порта Ла Страда, Коалиција сите за правично судење, Македонско здружение на млади правници, Хелсиншки комитет за човекови права и Младински форум од Битола.

9 Прашањата за интервју поделени според релевантни теми се достапни во Анекс II од овој извештај.

# 3. Институционални капацитити

**Министерството за внатрешни работи (МВР)** е клучната и централната власт во земјата која има мандат да ги спречува и истражува криминалите, вклучително и борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во земјата. Мандатот и одговорностите се поделени помеѓу различни сектори во рамките на Министерството за внатрешни работи. **Секторот за гранични работи и миграција** е одговорен за управување со безбедноста на границите и борбата против прекуграничниот криминал, вклучително и криумчарењето и трговијата со луѓе. Во рамките на овој сектор функционира Мобилната единица за сузбивање на прекуграничен криминал и компензаторни мерки, покривајќи ја земјата со мобилни тимови од границите на територијата на државата. **Регионалните центри за гранични работи** (4 регионални центри), како посебни единици во рамките на Одделението за јавна безбедност се одговорни за координација на активностите со подрачните единици за гранични работи и регионалните центри за гранични работи за преодни гранични работи. **Граничната полиција** е одговорна за извршување на работи поврзани со граничните проверки и граничен надзор, анализа на заканите за националната безбедност и спречување и откривање на илегална миграција и трговија со луѓе. Секторот за гранични работи и миграција е поддржан од Секторот за сузбивање на организиран и тежок криминал за справување со нерегуларната миграција, преку **Националната единица за спречување на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (task force),** одговорна за спроведување истраги на случаи на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Оваа единица е формирана во 2018 година со Меморандум за соработка помеѓу основното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и претставници од МВР. Националната единица има свој раководител, заменик и помошник раководител, нивни заменици, свои членови и лица за контакт. Со единицата раководи јавен обвинител. Активностите на членовите на МВР во рамките на ова тело ги координира заменик-раководителот. **Прифатниот центар за странци** е локација за задржување и сместување на странци и илегални мигранти, односно странци со ограничена слобода на движење или кои се предмет на присилно отстранување од земјата.

**Националната комисија за превенција и борба против трговијата со луѓе и илегални мигранти** е меѓуинституционално тело формирано во 2001 година и во него членуваат: МВР, Министерство за надворешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за правда, Државниот инспекторат за труд, Агенцијата за вработување, јавното обвинителство и Судот. Комисијата е одговорна да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција, да ги координира активностите на институциите и да соработува со меѓународните и невладините организации вклучени во решавањето на проблемите во областа на трговијата со луѓе. Основани се дополнителни 6 локални комисии за превенција и борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Тетово, Штип, Велес, Битола, Прилеп и Гевгелија.

**Националниот координативен центар за гранично управување** е координативно тело на Владата на Република Северна Македонија, чија цел е ефикасна координација, олеснување на размената на податоци и информации и подобра интеграција во граничното управување.[10] Центарот е составен од претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Царинската управа и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство - Бирото за лекови и Националната санитарна служба и Здравствен инспекторат, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Дирекцијата за радијациона безбедност и Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Националниот превентивен механизам (НПМ)** е посебна единица во канцеларијата на Народниот правобранител на Северна Македонија, чија примарна цел е да спречи тортура и други сурови, нехумани и понижувачки дејствија или казни. НПМ има мандат да врши најавени или непланирани посети на места каде што лицата би можеле да бидат притворени[11] (лица лишени од слобода). Посетите на места во кои се сместени лица лишени од слобода и слобода на движење се важни, бидејќи жртвите на криумчарењето најчесто се сместуваат и задржуваат во прифатниот центар за странци со ограничување на нивната слобода на движење.

10 Член 56 и 57 од Закон за гранична контрола

11 https://shorturl.at/jnptS

**Национален механизам за упатување (НМУ)** е создаден за жртви на трговија со луѓе и е институционализиран преку Министерството за труд и социјална политика во 2009 година. Тој е одговорен да го координира упатувањето на идентификуваните жртви до релевантните институции, обезбедувањето сместување, заштитата, реинтеграција и ресоцијализација.

**Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција** Скопје е овластено да ги гони сторителите на кривичните дела „криумчарење мигранти" и „трговија со луѓе" и следствено, сите предмети поврзани со организиран криминал, вклучително и криумчарење мигранти, се водат во Скопје. За да биде поефективно во спроведувањето истраги и идентификување на организирани криминални групи на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, во 2018 година е формирана Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (task force) со потпишување Меморандум за соработка од страна и помеѓу Министерството за внатрешни работи и Основното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

**Кривичниот суд во Скопје** е единствената судска институција во земјава одговорна за водење на случаи на криумчарење и казнување на криумчарите на мигранти, преку своето специјализирано одделение за случаи на организиран криминал. За изречените пресудите странките, по исполнување на критериумите, можат да се обратат до второстепениот Апелационен суд во Скопје, а подоцна и до Врховниот суд на државата.

Од недржавните актери, меѓународните организации се активно вклучени и вршат различни активности: Најважни субјекти се: **Меѓународната организација за миграција (ИОМ), Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР), Регионалната иницијатива за бегалци за азил за миграција (МАРРИ) и Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ICMPD)**. Меѓународната организација покрива неколку аспекти во врска со миграцијата и правата на мигрантите во Северна Македонија. Активностите на меѓународната организација се однесуваат на различни итни прашања поврзани со миграцијата, вклучувајќи право на азил, заштита на бегалци и лица без државјанство, трговија со луѓе, техничка соработка и градење институционални капацитети во областа на миграцијата, програми за доброволно враќање и реинтеграција, програми за економска стабилизација, за поддршка на регионот во управувањето со миграцијата и политиките итн.

Од локалните актери (граѓанските организации) кои се активни за прашања поврзани со миграцијата се **Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Отворена Порта-Ластрада, Црвениот крст и Легис.** МЗМП обезбедува правна помош и застапување на барателите на азил, бегалците и мигрантите во земјата. Се залага за подобри стандарди и политики за азил и миграција во земјата преку анализи на истражување и судски постапки пред институциите. Отворена Порта Ластрада обезбедува психосоцијална поддршка на мигрантите и нивниот фокус е повеќе во обаста на идентификување на случаи на трговија со луѓе кои се сместуваат во шелтер центар менаџиран од самата организиација. Легис е најмногу фокусиран на обезбедување хуманитарна помош за бегалците и мигрантите кои транзитираат низ земјата. Црвен крст Скопје и Северна Македонија спроведува локални активности со бегалците и мигрантите.

# 4. Феноменот на криумчарење мигранти-поглед од практиката

## Modus operandi на криумчарење мигранти во земјата

**Стандардната рута на движење низ Република Северна Македонија е правецот југ-север.** Мигрантите влегуваат на неколку точки во близина на јужната граница преку премините Богородица, Гевгелија и Дојран, но во минатото ја користеле и рутата околу Струмица. Главна рута на криумчарење е *Коридорот 10: Гевгелија-Скопје-Куманово*-граничен премин Табановце, користејќи ги сообраќајните патни правци Гевгелија-Валандово-Демир Капија-Неготино-Велес-Скопје-Куманово за криумчарење и логистичка поддршка. Како алтернативна рута која се повеќе се користи е *Свети Николе - Куманово - Крива Паланка* и понатаму кон границата со Република Србија.

Во источниот дел на државата, трасата која води преку *планината Беласица до Струмица - Штип - Свети Николе - Куманово - Крива Паланка* и трасата преку планината *Огражден - Суви Лаки кон Берово - Кочани - Штип - Свети Николе - Кумановско Липковскиот регион* и потоа преку српско-македонската граница, ретко се користат. Во минатото беше забележано и пристигнување на мигранти од Грција во Северна Македонија преку Битола, но бидејќи се работи за специфичен планински регион и е многу тежок за премин, оваа рута повеќе не е во функција. Криумчарените мигранти го продолжуваат патувањето кон северниот дел на државата, во кумановско-липковскиот регион, каде што ја преминуваат македонско-српската граница и се упатуваат кон Србија. Жител на село Лојане објаснува дека планинската област кај селата Лојане и Ваксинце не е достапна за полициски патроли, па затоа мигрантите често ја користат како рута или излезна точка од Северна Македонија. Од Србија влезот во земјите од Европската Унија е преку Унгарија. Станува збор за однапред развиени рути, а се користат за нелегален трансфер на дрога, оружје, артефакти и други видови нелегален трансфер на стоки. Мигрантите остануваат на територијата на нашата земја многу кратко, најчесто ден-два.

Постои **спротивна рута на движење север-југ**, позната од 2017 година, која ја користат ирански државјани поради безвизниот режим меѓу Србија Иран. Иранските државјани кои пристигнале во Србија се упатиле кон Куманово и Скопје, а оттаму со автобус патувале за Гевгелија.

Во 2021 година се забележува зголемен влез од северната граница на државјани на Куба и Индија. Мигрантите го користат безвизниот режим со Република Србија за транзит низ земјата кон Грција. Нивната дестинација се земјите од ЕУ. Причината поради која кубанските граѓани се уште одлучуваат илегално да влезат во земјата е затоа што доколку се обидат да влезат легално, граничната полиција може да ги праша за целта на нивното патување. Доколку кажат дека одат во Грција, ќе им биде одбиен влез во Северна Македонија, со оглед на тоа што планираат да го продолжат патувањето во земја членка на ЕУ. Алтернативна рута на движење на мигрантите, која многу ретко се користи, е од Република Бугарија преку Северна Македонија до Србија, односно правец на движење исток-север.

### Рути кои ги користат мигрантите за влез од Грција до Србија

**Рута 1: Хотел Хара преку железничката линија ГК 59 до Гевгелија,** од каде лицата (најчесто од Мароко, Либија, Авганистан) користат јавен превоз, воз или автобус, за да стигнат до северниот дел на земјата.

**Рута 2: Хотел Хара потоа ГК 57 покрај реката Вардар упатувајќи се кон излезот на Гевгелија,** која е поделена на две рути: едната кон Богданци (регионален пат), другата кон Прдејци (автопат) од каде се возат возилата и во зависност од присуство на полициски патроли, криумчарите се упатуваат или на стариот пат Удово-Демир Капија-Неготино-Велес-Куманово или директно на автопат и се упатуваат кон Куманово.

**Рута 3:** влез од претходно споменатите влезни места каде што криумчарот ги води лицата (најчесто групи од 7-8 лица) и со нив патува до северната граница со товарен воз или јавен превоз. На северната граница криумчарот ја предава групата на друг криумчар.

**Рута 4: Евзони-Скра-Ума,** мигрантите имаат подолго пешачење, се упатуваат до село Моин и оттаму до село Негорци, каде што рутата е поделена на два правци, во зависност од претходен договор и точка за подигање со криумчари. Првата опција е да се упатите кон автопатот А1 кон излезната точка за селото Негорци/Прдејци, потоа селото Смоквица во близина на наплатната станица или на страната на патот. Другиот правец е кон село Миравци, па кон стариот пат за Демир Капија, од каде земаат возила и се упатуваат кон Куманово.

**Рута 5: влез во ГК 55 (напуштена барака Чеде Филиповски)** кон Селемли и патот за Богданци, од каде или се упатуваат кон стариот регионален пат Удово-Демир Капија-Неготино кон Куманово или се упатуваат кон излезот на автопатот кон Гевгелија во правец кон Куманово.

**Рута 6: влезна брана Паљурци** кон Валандово и Дојран, од село Фурка, се упатуваат кон Гевгелија и магистралниот излез кон Куманово.

**Рута 7: влез Дросато-Мрдаја-Нов Дојран** каде се превземаат и се носат до село Фурка, на патот кај село Балинци-Брајковци, од каде или се упатуваат кон регионалниот пат Удово-Демир Капија-Неготино и потоа на автопатот за Куманово или го користат правецот Богданци - Гевгелија, од каде се упатуваат кон автопатот и кон Куманово.

**Рута 8: село Мурие до село Николиќ во правец с. Дедели,** од каде се упатуваат кон Валандово или Николиќ кон Црничани и во правец на село Фурка, од каде што ги користат регионалните или магистралните патишта за патување.

***Начинот на илегален влез, транзит и излез од Северна Македонија останува речиси ист.*** За разлика од претходниот период, поради зголеменото присуство на полициските патроли и оперативните информации на МВР, **пешачењето станува се подолго.**[12] Полициски патроли за спречување на криумчарењето се поставени се до Неготино. Поради високите температури во летниот период, мигрантите се движат во текот на ноќта, додека во зима почесто се движат преку ден.

## Процесот на криумчарење мигранти вклучува неколку клучни фази:

**1) Илегален граничен премин за влез во Северна Македонија** со таканаречени „водачи" кои се запознаени со теренот каде што треба да се криумчарат мигранти. Овие луѓе мигрантите ги нарекуваат „качаци", а според нивните сведоштва порано биле мигранти; **2) Привременото засолниште на мигрантите** се реализира во напуштени објекти, колиби, шуми, приватни куќи и слично, кои се наоѓаат во близина на јужната граница во струмичко-гевгелискиот регион; **3) Превоз на мигранти** од локациите каде што се згрижени до селата долж македонско-српската граница;

Понатаму, по транзитирање низ една од рутите, мигрантите се засолнуваат претежно во северните делови на земјата во пограничните села (напуштени згради, згради без дефинирана сопственост или во сопственост на луѓе кои мигрирале или се на привремена работа во странство). По неколку дена нивното илегално пренесување преку зелената граница го организираат организирани криминални групи, составени од лица од локалното население и криумчари од земјите на потекло на мигрантите. Тие имаат улога на организатори или „водачи" на групи мигранти и се дел од транснационални организирани криминални групи кои се распоредени и оперираат по целата рута на движење од земјите на потекло (Кабул, Кандахар или други градови од Блискиот Исток) до земјите на дестинација (земјите на ЕУ).

12 На пример: наместо пешки до Гевгелија, мигрантите сега треба да одат пешки до Демир Капија или до патарина Смоквица, а потоа до Неготино каде што се превземени со возило.

## Превоз на криумчарените мигранти

Во повеќето случаи, **криумчарите ги пренесуваат мигрантите преку граница пеш**, а потоа, со возила, комбиња, камиони и слично се земаат од криумчаритте и се транспортираат до северната граница. Мигрантите не можат слободно да се движат бидејќи мора да ги следат упатствата на криумчарите. **Транспортот најчесто се врши со возила кои се стари или оштетени.** Криумчарите имаат тенденција да превезуваат што е можно повеќе мигранти без да го земат предвид начинот или третманот на мигрантите при транспортот. Така, група од повеќе од 10 мигранти обично се прифаќаат во едно возило, некои од нив се сместени во багажниот простор, а потоа превозниците возат со многу голема брзина без оглед на условите на патот.

**Возилата** кои се користат за префрлање на мигрантите се екстремно стари и во лоша состојба. Многу често се користат изнајмени возила од автомобилски агенции. Оваа практика се користи за прикривање на поврзаноста на членовите на организираната група (кои се на врвот на хиерархијата) со сопственоста на возилата што се користат за криумчарење. Имено, во случаи кога полицијата ќе го фати само возачот, но не и останатите членови на групата, организираната група нема да претрпи поголема штета, само ќе треба да најде нов возач. Во спротивно, доколку возилото е сопственост на член на групата, истите може да бидат откриени, а возилото што се користи за криумчарење ќе биде одземено. Мигрантите се превезуваат и во **камиони**, во групи од над 30 мигранти, каде што немаат ни каде да седат или стојат за време на превозот. Превозот се врши со многу голема брзина без разлика на условите на патот. *На пример, МВР пронашло од 23 до 55 лица во комбе, додека од 55 до 212 мигранти биле пронајдени во приколки на камиони.* Има ситуации кога мигрантите, поради немање пари за ангажирање на криумчарите, се качуваат на долниот дел од камионот (надвор), возејќи од Србија кон Швајцарија, со паузи кога камионот застанува.

Тие исто така го користат и **возот за транспорт**. Во близина на бензинската пумпа „Лукоил" блиску до Гевгелија го чекаат возот криејќи се во грмушките. Кога брзината на возот ќе се намали, тие се качуваат на него. Во возовите тие се кријат на места каде што нема доволно воздух или под приколките.

Превозот на мигрантите низ земјава најчесто се врши од државјанин на државата. Тоа е затоа што ако странците се стават во оваа улога, тие би можеле да привлечат многу повеќе внимание. Што се однесува до **профилот на возачите**, тие луѓе обично се наркомани, немаат приходи, се коцкаат, па затоа брзата заработка е добра можност и излез од нивната ситуација. Организаторите на криминалните групи на криумчарење мигранти користат и возачи со дополнителни возила кои не се користат за превоз на мигранти. Овие возачи се таканаречени „чистачи на патишта" и држат поголемо растојание пред возилата во кои се превезуваат мигрантите. Нивната улога е да го надгледуваат патот по кој се криумчарат мигранти, да откриваат полициски патроли и да ги информираат возачите кои ги превезуваат мигрантите дали патот е „безбеден" или не. Доколку возачот на мигрантите биде принуден да застане и успее да избега и да се сокрие од полицијата, овие „чистачи на патиштата ги земаат откако ќе им се сподели локацијата. Дополнителен феномен е што возила со домашни таблички се видени паркирани пред **Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово** кои превезуваат баратели на азил на непознати локации. Ваквата ситуација налага дополнително испитување од страна на полицијата.

**Цената** што мигрантите ја плаќаат на криумчарите зависи од услугите што треба да ги добијат (на пример неколку луѓе во возило) и оддалеченоста од округот во кој патуваат. Тоа не зависи од нивната земја на потекло. Главната промена за време на криумчарењето е **начинот на плаќање** кој вклучува резервација на средства и плаќање на дестинацијата. **Плаќањето ретко се врши во готово**, но тие не носат готовина со себе за време на нивното патување. Мигрантите договараат одредена сума пари со криумчарот пред да го започнат патувањето. Најкористен систем е ***системот Хавала***, кој е многу тежок за откривање. Договорената сума пари се „пушта" кога мигрантот ќе се јави од земјата на дестинацијата и ќе пријави дека пристигнал, што значи дека договорот е исполнет. Парите потоа се делат на сите поединци кои го помагале нелегалното движење од почетната до дестинацијата. Ако мигрантот на почетокот му платил на криумчарот 3.500 евра, со секое влегување во нова земја се одзема дел од парите. *На пример, ако влезот во Турција чини 300 евра, таа сума пари ќе биде земена од мигрантот кој влегол во Турција*. За да носат помала сума пари, мигрантите обично резервираат пари за храна во фиксна сума што му ја даваат на криумчарот, кој потоа контактира со лице што ги среќава мигрантите и им дава пари за храна, пијалок, итн. *На пример, криумчарите ги информираат мигрантите дека во џамија ги чека лице кое ќе им даде 200 евра.* Од овие резервирани/депонирани пари, криумчарите им обезбедуваат храна и се што им е потребно за време на патувањето. Ретко, но има и случаи кога од мигрантите се бара однапред да извршат уплата со брз трансфер на пари (Вестерн Унион и Риа) или кога криумчарите барале пари во готовина кои потоа се дистрибуираат меѓу членовите на групата.

### Врз основа на податоците добиени од мигрантите, интервјуираните изјавија:

- **Плаќањето во Северна Македонија е најскапо поради големиот/зголемен број полициски патроли.** Помеѓу **1500 - 2000 евра** е трансфер со возило со 4 лица. Помеѓу **700 - 900 евра** ако во едно возило се криумчарат 15 - 18 луѓе. Помеѓу **500 -700 евра** е цената за криумчарење со товарни возила (комбе, камион и сл.);
- Цената помеѓу **100 - 300 евра** се плаќа за трансфер од Гевгелија до граничниот премин Табановце и **2000 евра** при пристигнување на дестинацијата преку банкарска трансакција;
- На група од 30 и повеќе лица од африканските земји, на чело со лице кое не било со нив, им биле побарани **400-700 евра** пешки да влезат во нашата земја. Договорено е дел од групата да премине одреден дел од територијата со железнички превоз, додека друг дел од групата пешки да го премине истиот дел од територијата. Тие добиле уверување дека по 7 дена сите ќе стигнат до северната граница;
- Цената може да биде до **10.000 евра** доколку мигрантите доаѓаат од Турција во Србија;
- Според неофицијални информации, цената за сместување во **селата Ваксинци и Лојане е 15 евра дневно,** со користење на интернет, за подолго сместување. За кратко сместување цената е помеѓу **100 - 150 ЕУР на ден;**
- Во евидентиран случај, еден мигрант е превезен со исклучително луксузно возило, со што сумата за криумчарење е поголема од вообичаената

**Генерално, услугите на криумчарите се плаќаат во пари.** Но, има информации дека во северниот дел на земјата во близина на селата Ваксинце и Лојане, дел од мигрантите кои не можеле да си дозволат да платат биле **принудени да бидат водачи на други групи за да го платат долгот.** Има случаи кога мигрантите се држат затворени во куќа, додека не ја платат потребната сума пари. Ним им се заканувале криумчари вооружени со оружје и ножеви. Некои од овие криумчари беа осудени, но оваа практика продолжува во овој дел од државата, најмногу поради поддршката што ја имаат од локалното население.

### Надомест за криумчарење

*Според информациите на МВР и ОЈО добиени во истражните постапки, во Грција мигранти кои не можеле целосно да ја платат сумата за нелегалниот транспорт работеле во фабрики, плантажи или донирале органи за да платат долг поврзан со нивниот транспорт.*

*Некои мигранти поради недостиг на финансиски средства се принудени повеќе од 10 пати да го поминуваат патот и да водат групи кон Србија за да го обештетат криумчарот за услугата.*

*Во еден случај, едно лице било принудено да криумчари одредена група во Србија и потоа му било дозволено да се врати кај своето семејство во Северна Македонија.*

Во случај кога мигрантот не е во можност да ја плати договорената сума, или пак кога криумчарот бара да се исплати износ поголем од претходно договореното, се прави притисок на семејството на мигрантот, се испраќаат непријатни фотографии или снимки, се закануваат дека треба да го исплатат тоа што е договорено или повеќе од тоа во спротивно ќе ризикуваат да му се случи нешто лошо на мигрантот. Во овие ситуации, на мигрантите им се ограничува слободата на движење, при што истите се чуваат затворени во објекти во кои биле привремено сместени, се додека не се обезбедат потребните финансиски средства.

### Случај на искриумчарени мигранти во Северна Македонија

*„Во телефонот одземен од мигрантка, властите пронајдоа фотографии од мало дете со солзи во очите и фластер преку устата. Детето било криумчарено заедно со неговата мајка. Фотографиите му биле испратени на татко му за да изнуди поголема сума пари од договорениот. За време на истрагата мајката изјавила и инсистирала дека тие фотографии се направени како шега, како и дека детето не било мирно, па сакале да го исплашат“.*

Порано малолетниците биле користени и како криумчари, но тоа веќе не е пракса. Во таков случај, границата помеѓу трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти е многу тенка, бидејќи понекогаш малолетникот треба да однесе 20 групи лица во Србија (2 месеци работа) за да го плати долгот кон криумчарот. Многу ретко се случува мигрантите да останат во земјата подолг период, освен мигрантите на кои им е потребна медицинска помош.

## Криумчари

Мигрантите стапуваат во контакт со криумчарите во други земји, но начинот на избор на криумчари не е познат. **Во повеќето случаи, изборот на криумчарот зависи од сумата на пари што треба да се плати.** Криумчарите често ги рекламираат своите услуги на социјалните мрежи Инстаграм, Фејсбук, Тик Ток итн. Мигрантите често избираат криумчар по добра реклама и препорака. Таков беше случајот со криумчарите од Прешево кои криумчареле главно кубански државјани, подоцна пронајдени и фатени од полицијата во земјава. Тие споделуваа видеа од водечки мигранти и се рекламираа.

Криумчарите често доаѓаат во контакт со мигрантите во полузатворените и затворени кампови. Во исто време, бидејќи прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово е камп од отворен тип, криумчарите не само што се поврзуваат со мигранти, туку тие можат и да бидат сместени таму. Вработените во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово се сомневаат дека дел од лицата кои се сместени на подолг период се активно вклучени во криумчарење и служат како контакт точки на организирани криминални групи. Овие луѓе се оние кои ги поздравуваат новите жители во овој центар и им даваат дополнителни информации за патувањето. Тие ги информираат мигрантите кога треба да го напуштат центарот и го организираат нивното движење до северната граница. Жителите обично го напуштаат центарот доцна навечер или рано наутро. Вработените во Прифатниот центар за баратели на азил пријавиле во полиција дека се сомневаат дека жителите на прифатниот центар се вклучени во организирање, регрутирање или помагање во криумчарење, но по овие наводи немало никакво постапување.

**Криумчарите потекнуваат од земјите на потекло на мигрантите: Пакистан, Авганистан, Сирија и Индија**. *„На пример, криумчарите кои се одговорни за минување на зелената граница, обично се од Пакистан, Авганистан, Мароко итн. додека криумчарите кои се одговорни за превоз со возила се од Северна Македонија, Косово, Србија.“*

**Криумчирањето секогаш се организира во група. Поединечните случаи дури не се квалификуваат како криумчарење.** Криумчарањето е организиран и има хиерархија на секој од членовите. Главниот, организаторот, е тој што комуницира со организатори од други земји преку кои се врши криумчарењето. Бидејќи се работи за софистицирани криминални групи, секој во групата има јасна улога и задача. *На пример: еден криумчар е одговорен да испорача 20 оброци дневно, друг да ги смести мигрантите во Вачинци и Лојане, додека третиот има улога да ги превезува со автомобил до одредена точка.* Организираната група има „главен криумчар“ и помошник „чистач“ на патот. Главниот криумчар ретко учествува во самото криумчарење, најчесто се врши од помошникот „чистач“ на рутата.

На дното на хиерархијата **се превозниците (возачите).** Станува збор за луѓе во судир со законот или луѓе кои имаат долгови. Избраните луѓе се во улога на возачи поради нивните вештини за брзо возење и добро познавање на патиштата. Некои членови имаат улога на таканаречени „чистачи“, односно луѓе кои обезбедуваат безбедно транспортирање на возилата со мигрантите. Тие користат софистицирани алатки за да комуницираат и постојано известуваат за присуство на полициски патроли. Тие ја проценуваат локацијата на полициските патроли или која било друга пречка што може да го загрози безбедното поминување на возилото со мигрантите. Исто така, една од улогите на чистачите е да го привлечат вниманието на полициските службеници, со што ќе овозможат возилото со мигранти безбедно да стигне до дестинацијата во кумановско-липковскиот регион.

**Жител на село Моин**

*Групите мигранти кои влегуваат на територијата на Северна Македонија се добро организирани. По поминувањето на секоја група, по две лица секогаш се враќаат во Грција. Сите мигранти носат исти ранци. Во случај да бидат забележани од граничната полиција, тие ги фрлаат ранците и бегаат. Подоцна двајца странци ги собираат ранците и се враќаат во Грција. Од проверка на неколку ранци, забележано е дека сите се исти, со исти залихи за еден ден: леб, кроасан, вода, енергетски бар, итн. Имаат и некакви бар кодови, кои наводно се користат за идентификација на мигрантите и статусот на плаќање.*

### Вклучување во криумчарење мигранти

**Локалното население** најмногу е вклучено како локални водичи поради познавањето на теренот и местата каде што мигрантите можат да се засолнат во случај на полициска патрола. Македонските граѓани се користат од криминални групи кои прифаќаат, засолнуваат, транспортираат и привремено сместуваат мигранти. Во кривичната постапка против локалците кои обезбедувале сместување на мигранти, во своја одбрана посочуваат дека мигрантите го користеле нивниот имот без нивно знаење. Тие тврдеа дека немаат контрола над куќата или зградата и дека се немоќни да ги избркаат од нивниот имот. **Приватните транспортери, хостели, хотели и угостителски објекти не се вклучени во криумчарење**. Иако мигрантите, особено оние кои доаѓаат од север, често користат хостели, овие објекти често ги пријавуваат овие злосторства во полиција. *На пример, ако поголема група на лица од една држава, кои биле превезени во едно возило, го напуштила хостелот веќе следниот ден, веднаш се пријавува во МВР.* Дури и јавните превозници кои возат и им наплаќаат билети на мигрантите, во прва прилика се пријавуваат кај надлежните, плашејќи се да не бидат вмешани во незаконски активности. **Иако мигрантите главно се превезуваат со возила, случајот со кубанските мигранти е поинаков. Тие се превезуваат со такси и автобуси бидејќи можат легално да ја преминат српската граница поради безвизниот режим меѓу Куба и Србија.** Кога таксистите се осомничени дека се вмешани во криумчарење мигранти, тие во своја одбрана наведуваат дека нивната работа е да превезуваат луѓе и не биле свесни дека возат мигранти. Тие не се обврзани да бараат документи за идентификација на своите клиенти при користење на нивните услуги. И на крај, иако не може официјално да се потврди вмешаноста на полицијата во криумчарењето, без нивна поддршка овие акции ќе бидат многу тешки за спроведување.

# Криумчарени мигранти

**Децата, жените и семејствата мигранти ретко се гледаат во последниот период. Има претежно машки мигранти без семејства**. Мигрантите се изложени на **повеќекратни ризици за време на нивното патување** и во многу случаи, поради големата брзина на возење возила со мигранти, има сообраќајни несреќи кои завршуваат со човечки жртви. *Само во 2021 година петмина мигранти загинале додека се движеле низ Македонија.*[13] Има случаи на физички напади врз мигранти. Кога мигрантите се движат пеш, тие се бучни, па се физички нападнати од криумчари стравувајќи дека полицијата ќе ги слушне и открие. Од друга страна, има мигранти кои сакаат да бидат пронајдени од полицијата поради исцрпеност, притисок, претрпени физички напади за побрзо движење или поради тоа што се жртви на тортура.

*Мигрант поради исцрпеност не можел да оди, бил претепан од криумчар за да продолжи и да ги следи останатите мигранти за навреме да стигне на договореното место за превоз.*

*Жена со видливи физички повреди пронајдена низ Струмица изјавила дека се повредила поради паѓање, иако надлежните се сомневаат дека била жртва на насилство.*

*Мигрант од Уганда, која била привремено сместена во транзитниот центар Винојуг, тврдела дека трагите од повреди на телото се последица од пад во планина во Македонија по која се движела со други мигранти.*

*Друга жена од Сиера Леоне изјавила дека во Грција била жртва на сексуална експлоатација од нејзиниот работодавец и работела на црно.*

*Малолетник од Сирија кој патувал со својот брат, тврдел дека ракота му ја скршил локален криумчар кој требало да го пренесе. Детето е испратено на детска операција во Скопје.*

**Мигрантите често се физички малтретирани и затворани во куќи во Лојане и Ваксинце.** Тие наведуваат дека криумчарот може да ја зголеми цената за време на патувањето, а доколку не може да плати, мигрантите се принудени да работат за криумчарите. Понекогаш мигрантите се држат во заробеништво додека семејството не го плати откупот. Некои баратели на азил изјавиле дека биле измамени од криминалците и го пријавиле делото во полиција.

13 https://shorturl.at/bpH27

*Во еден случај, бремена жена на возраст од 35 изјавила дека по пристигнувањето во Грција заедно со група, побарала сместување во Африканскиот парк во Солун. Но, бидејќи не можела да плати сместување, била принудена да дава сексуални услуги.*

*Две деца приведени како сведоци во кривичната постапка против криумчарот пријавиле и сведочеле дека возрасен, водич на групата, се обидел сексуално да ги злоупотреби, но биле заштитени од другите мигранти од групата.*

Поголема група илегални мигранти од Блискиот Исток биле откриени при полициски акции во Лојане и Ваксинце. Кривични пријави се поднесени против сторителите кои дејствувале на јужната и северната граница и инфилтрирани во групата мигранти која транзитирала. Во некои случаи, мигрантите ги посочиле како водачи на нивните групи, задолжени за понатамошно прифаќање и пренесување низ земјата.

Бројот на **потенцијални жртви на трговија со луѓе е многу мал**, иако бројот на мигранти во миграциските движења е во просек од 20.000-40.000 годишно. Мигрантите наведуваат дека трудовата експлоатација, сексуалната експлоатација, па дури и трансплантацијата на органи најчесто се врши во Турција и Грција. Мобилните тимови кои работат со ранливи категории на лица, вклучително и жртви на трговија со луѓе во Гевгелија и Куманово, не идентификуваа жртва на трговија со луѓе кај миграциското население. Неофицијалните информации од тимот посочуваат дека жените и девојките од африканските земји кои патуваат сами се изложени на сексуално насилство. *Колку за илустрација, само во октомври и ноември 2022 година во Скопје, 13 деца мигранти (12 момчиња и 1 девојче) се идентификувани како потенцијални жртви на трговија со луѓе.* Сведоците во кривична постапка против криумчари се сместени во Винојуг или во прифатниот центар во Гази Баба. Нивната слобода на движење е ограничена. Оваа практика претставува кршење на законите и меѓународните стандарди.

*Во 2022 година, беше идентификуван случај на трговија со луѓе со отстранување на органи. 19-годишен мигрант од Пакистан без документација пријавил дека без негово знаење бил опериран и му бил изваден бубрегот во Солун, Грција..*

**Децата без придружба и жени** кои патуваат сами изјавиле дека целото патување им го плаќа семејството. Сепак, како ранлива категорија, тие се изложени на висок ризик да станат жртви на трговија со луѓе и други видови насилство. Процесот на идентификација на мигрантите претставува сериозен предизвик за институциите бидејќи мигрантите ги кријат своите старосни и семејни врски. На децата без придружба веднаш им се определува **старател** од Центарот за социјална работа и се сместуваат во згрижувачко семејство. Социјалниот работник го спроведува првичното интервју за утврдување на социјалниот ризик, дава психосоцијална поддршка, ги упатува на медицински тим доколку има здравствени проблеми. Дежурните лекари вршат здравствени прегледи и по потреба мигрантите се упатуваат на дополнителни медицински прегледи во локалната болница во Гевгелија или Куманово. Во пракса, постои предизвик кога старателот не смее да го заштити најдобриот интерес на детето поради инструкции добиени од јавното обвинителство, кога децата се држат како сведоци во кривичната постапка против криумчарите. Приведените лица со повреди веднаш се упатуваат во здравствена установа, а потоа се сместуваат по добиена дозвола од МВР. Во случај на **повредени мигранти** веднаш им се обезбедуваат здравствени услуги во болницата во Гевгелија. На мигрантите сместени во Транзитниот центар во Винојуг им се обезбедува и бесплатна правна помош од правници од Македонското здружение на млади правници. Тие се информирани за правото да аплицираат за азил и да бидат сместени во Прифатниот центар за баратели на азил. По потреба во транзитните центри им се обезбедува храна и облека. Има и ситуации кога мигрантите се враќаат во соседните земји од полициски службеници надвор од правната постапка и правилата за реадмисија.

# Соработка со релевантни институции

Дури и ако мигрантите споделуваат искуства кога нивните права биле прекршени од страна на криумчарите, тие не покренуваат кривична постапка против нив. Причините не се поврзани со недовербата во институциите, но доколку се покрене кривична постапка, мигрантите ќе останат подолго заглавени во земјава, а тие тоа не го сакаат. Важно е да се истакне дека криумчарените мигранти не се кооперативни и не споделуваат информации со институциите (полицијата и јавните обвинители кога даваат изјава) за злоупотреби или други настани за време на криумчарењето. Како резултат на тоа, во пракса, обвинителството ретко покренува постапка за овие кривични дела. При обработката на овие случаи, постои и проблем со легитимната идентификација на криумчарените мигранти поради немање документација за лична идентификација.

Доколку мигрантот е обвинет за криумчарење, идентификацијата се врши преку земање отпечатоци и земање биолошки материјал. Но, овој метод на идентификација е исто така сомнителен со оглед на тоа што тие податоци треба да се доставаат до земјата на потекло на мигрантот за усогласување. Проблемот е што Северна Македонија нема билатерални односи со земјите на потекло на повеќето мигранти, така што податоците не можат да се добијат и потврдат. Во такви случаи се врши препознавање за да се утврди дали криумчарот е посочен или не од криумчарен мигрант. Во судска постапка нивните лични податоци се користат според нивната изјава. Возачите се тие против кои често се поведуваат кривични постапки, а многу ретко против лицата кои прифаќаат и обезбедуваат привремено сместување (мештаните од кумановско-липковскиот регион). Што се однесува до организаторите, речиси и да нема покренати случаи.

**Кога има сообраќајни несреќи**, обвинителот зема изјави од мигрантите за да може да бара отштета од криумчарот што возел и ја предизвикал несреќата, но мигрантите немаат интерес за ваков вид на судска постапка.

Друг проблем за овие случаи е притворот на мигрантите. Криумчарените мигранти се приведени затоа што нивното сведочење е потребно и претставува еден од клучните докази во овие случаи. Бидејќи нема правна основа за притвор, властите донесуваат решение за времено ограничување на движењето за утврдување на идентитетот на странецот и сместување на мигрантот во прифатниот центар за странци. Ова ограничување е де факто притвор бидејќи одредено време нивното движење е ограничено само на прифатниот центар каде што се сместени. Во последно време се прави обид да се земе изјава за кратко време, во рок од 1-2 дена по настанот на криумчарењето. Во минатото притворот траеше подолго бидејќи бранителите инсистираа криумчарените мигранти да се носат во судот на сослушување и испитување. **За надминување на овој проблем се применува членот 388 став 5 од Законот за кривичната постапка**, според кој се прави исклучок со читањето на изјавите на мигрантите дадени пред јавниот обвинител. На овој начин кога мигрант се испитува пред јавниот обвинител, се известува и бранителот на криумчарот за испитување на сведокот. Ова му дава можност на бранителот да поставува прашања и да ја подготви стратегијата за одбрана пред судот.

**Со судските постапки** за криумчарење мигранти се занимава специјалното одделение за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје. Овие постапки се решаваат брзо, при што околу 90% од случаите се спогодуваат со признавање на вината. Оттука, судот не се впушта во фаза на презентирање докази. Останатите 10% од судските предмети исто така се решаваат за краток временски период, со оглед на материјалните докази изведени на главниот претрес.

Во однос на изведувањето на доказите, најчесто се користат *изјави од сведоци на полициски службеници и криумчарени мигранти дадени пред јавен обвинител на претходна постапка или на рочиште пред судот, потврди за привремено одземени предмети, сметки од платена патарина, видео снимки од платена патарина, фото документација, анализа на остварени телефонски повици, записници од препознавање, евиденција од лекарски преглед, возило или багаж, евиденција на траги и предмети пронајдени на местото на настанот, записник од увид на кривично дело/место на настанот итн.* Примената на **посебните истражни мерки** во овие случаи ретко се користи. Во однос на **политиките за санкции**, тие се исклучително меки со тенденција кон минималната пропишана затворска казна или кон границите на ублажување. Дури и во случаите за малолетници, каде што законот предвидува минимум 8 години затвор, криумчарите се казнуваат на 4, 5 или најмногу 6 години затвор бидејќи судот ги зема предвид условите на делото и бројот на криумчарени луѓе.

**Меѓународните и граѓанските организации** вклучени во борбата против илегалната миграција, во рамките на своите проекти обезбедуваат директна и индиректна помош на мигрантите. Поддршката најчесто се обезбедува во транзитните центри Винојуг и Табановце. Отворена Порта/Ла Страда спроведе обуки за локалното население за сензибилизација и прифаќање на луѓето кои доаѓаат од други земји. МЗМП обезбедува правна помош за мигрантите и бегалците, а спроведени се и неколку едукативни сесии за ризиците од криумчарење мигранти.

# Практиката на спречување на криумчарење и заштита на криумчарени мигранти

Во насока на спречување на криумчарење мигранти, нашата земја презема одредени мерки за зајакнување на институционалните капацитети. Во транзитните центри Винојуг и Табановце се одржаа работилници на кои учествуваа мигранти каде беа информирани за ризиците од криумчарење. Дополнително, беа подготвени флаери со интегриран QR код за мигрантите да пристапат до информации за ризиците со кои би можеле да се соочат. Се предлага ТВ екрани да се инсталираат во транзитните центри кои ќе содржат различни информации за мигрантите, вклучително и слики на починати мигранти кои ги загубиле животите при пристигнувањето на нивната дестинација, со надеж дека некои мигранти би можеле да бидат одвратени од ангажирање на криумчарите. Преку билатерални договори МВР може да ги прошири полициските патроли кои ќе го спречуваат криумчарењето. Очигледно е и дека и покрај обуките за полициски службеници што се спроведуваат во земјава, тие се испорачуваат предоцна. Следствено, за време на миграциската криза, многу потенцијални жртви на трговија со луѓе не беа идентификувани поради недостаток на обуки за полицијата за трговија со луѓе, индикатори за кои треба да биде свесен секој граничен полицаец.

**Превентивни мерки на МВР против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе**

- Идентификување на причините за појавата на трговијата со луѓе/деца и илегалната миграција
- Зајакнување на капацитетите за реализација на превентивните активности (човечки, финансиски и технички капацитети на надлежните институции за спречување на трговијата со луѓе),
- Зајакнување на капацитетите на медиумите и медиумските работници за трендовите и облиците на трговија со луѓе и илегална миграција за да се избегне секундарна виктимизација на жртвите на трговија со луѓе при информирањето за овој случај,
- Подигнување на јавната свест за трговијата со луѓе и илегалната миграција и ризиците (информирање на младите за ризиците и пријавување на кривичното дело трговија со луѓе),
- Зголемување на свеста за ризиците и превенцијата кај идентификуваните ранливи категории, вклучувајќи ги мигрантите и барателите на азил како потенцијални жртви на трговија со луѓе,
- Подобрување на постоечките и новите механизми за намалување на причините за ранливост како фактор на ризик за трговија со луѓе и илегална миграција,
- Зголемување на свеста на потенцијалните корисници на услуги кои поттикнуваат експлоатација на жртва на трговија со луѓе за последиците за жртвите и криминалитетот на оваа акција.

# 5. Предлог за соработка помеѓу граѓанските организации и институциите – стандардни оперативни практики (СОП) во земјава

Предлогот за соработка помеѓу граѓанската организација и надлежните органи има за цел да го спречи и да се бори против криумчарењето мигранти и да ги заштити правата на мигрантите. Формалната соработка ќе го забрза идентификувањето на потребите на мигрантите, ќе ги процени капацитетите на давателите на услуги, ќе го подобри пристапот до правата и услугите на мигрантите, ќе го зајакне системот за заштита, ефикасно ќе ги разликува жртвите на криумчарење и трговија со луѓе од криумчарите и трговците со луѓе, ќе обезбеди сигурни информации и податоци за кривично гонење на криумчарите и поддршка на политиките и стратегиите што го регулираат системот за управување со миграцијата.

Со Меморандум за соработка меѓу МВР и граѓанските организации, страните ќе ја постават основата за комуникација, размена на информации и активно учество на граѓанските организации во превентивните активности и заштитата на правата на мигрантите со јасна поделба на улогите и одговорностите, користејќи ги постоечките капацитети и достапните услуги.

Соработката може да ги вклучува следниве прашања:

- Сместувачки капацитети на мигранти
- Размена на информации и интервали,
- Координација на активностите,
- Присуство на граѓански организации на терен (полициски станици, граници)
- Обезбедување услуги за мигрантите
- Заеднички активности со институциите
- Кампањи за подигање на свеста против криумчарењето мигранти и заштита на правата на мигрантите
- Собирање и споделување информации меѓу страните
- Подготовка на заеднички извештаи, како одраз на партиципативниот пристап
- Укажани Addressing на препораки и заклучоци за идентификуваните предизвици и можните неусогласености
- Временска рамка и лице за на контакт point of contact

### Сместувачки капацитети за мигранти (прифатен центар за странци и транзитни центри)

На граѓанските организации ќе им биде дозволено 2 пати неделно да бидат присутни во транзитните центри во земјава и еднаш неделно во прифатниот центар за странци. Точниот датум на присуство ќе биде одреден со планот за активности.

Институцијата ќе го информира објектот за присуството на граѓанскатта организација и ќе ги издаде потребните дозволи на персоналот на граѓанската организација.

Граѓанските организации ќе бидат обврзани со куќните правила/регулативи на објектот. На граѓанските организации им е дозволено да /разговараат со мигрантите присутни во објектот без никакви пречки и во целосна дискреција од службениците присутни на локацијата.

На граѓанските организации ќе им се даде /место/канцеларија каде што ќе можат да разговараат со мигрантите и да даваат услуги

### Размена на информации и интервали

Размената на информации меѓу страните ќе се врши месечно, со можност во почеста размена во зависност од потребите и природата на информациите.

Размената на информации ќе вклучува: извештаи, записници, статистички податоци и други информации согласно потребите на мигрантите, злоупотреби и повреди на правата на мигрантите, присуство на ранливи групи, малолетници, статус на мигрантите и други релевантни информации.

Властите, при пресретнувањето на мигрантите, ќе ги информираат граѓанските организации за бројот и потребите на мигрантите. Доколку е потребно, на граѓанските организации ќе им се овозможи да воспостават контакти и да ги обезбедуваат своите првични услуги за мигрантите: советување, медицински, храна итн.

## Координација на активностите

Страните ќе имаат редовни брифинзи, на секои два месеци, за да ја проценат соработката, споделувањето податоци, активностите извршени од двете страни, предизвиците во заедничката работа и начините за подобрување на севкупниот пристап.

Страните ќе подготват годишен план за заеднички активности кои вклучуваат градење капацитети, подигање на свеста, подготовка и дистрибуција на инфо материјали, можно на повеќе јазици, во транзитни центри, прифатен центар за странци, објекти на граничната област итн. Релевантноста на информациите и потребите за градење капацитети заеднички ќе се договорат, имајќи ги превид недостатоците и потребите на страните.

На граѓанските организации ќе им биде дозволено да комуницираат и да разговараат со мигрантите само по претходно одобрение од институцијата. Во таков случај, МВР уредно ќе ги пренесе информациите до релевантната локација каде што се задржуваат или сместени мигрантите. Граѓанските организации ќе обезбедуваат советување и информации за мигрантите за правата и статусот во земјата. Доколку мигрантот од групата побара меѓународна заштита, граѓанската организација ќе ги информира полициските власти за нивната намера да побараат заштита, чие барање за заштита ќе биде веднаш проследено.

## Присуство на граѓански организации на терен (полициски станици/граници)

Граѓанските организации ќе бидат информирани и ќе им биде дозволено да контактираат со мигрантите кои се пресретнати за да ги понудат своите услуги на мигрантите во случаите кога е фатена поголема група, која вклучува повеќе од 15 мигранти или во случаи на присуство на ранливи групи меѓу мигрантите без разлика на нивниот број.

На граѓанските организации ќе им биде дозволено разумно време да стигнат до местото каде што се чуваат мигрантите, имајќи го предвид растојанието и времето потребно за да стигнат до дестинациите.

Доколку не се во можат да патуваат до дестинацијата, граѓанските организации веднаш ќе ги информираат властите.

## Обезбедување услуги на мигрантите

Во зависност од нивниот мандат и можности, граѓанските организации можат и ќе обезбедат општи информации, правно советување, здравствена заштита, превод, психосоцијална поддршка, храна или други добра и услуги како што е договорено со Меморандум за соработка

Услугите, по дефиниција, се обезбедуваат веднаш на местото каде што се задржани или сместуваат мигрантите (транзитни и прифатни центри на странци).

Потребите и барањата на ранливите групи ќе бидат комуницирани со надлежните и таквите потреби ќе бидат обезбедени во најкраток рок.

Мигрантите кои бараат меѓународна заштита ќе бидат упатени до службенците на самата локација и ќе им биде дозволен пристап до процедурата. Нивните барања ќе бидат уредно процесуирани во најкраток временски период.

## Заеднички активности со институциите

Доколку е потребно и неопходно, граѓанските организации ќе бидат поканети да учествуваат во заеднички активности на местата каде што се задржуваат или сместуваат мигрантите.

Заедничките активности може да вклучуваат споделување информации со мигрантите, преведувачки услуги, зајакнување на капацитетите на персоналот, подготовка на кратки информации, флаери, брошури, заеднички извештаи, медиумски кампањи, активности за промоција, опремување на објекти со потребниот материјал што е релевантен за мигрантите итн.

Обемот на активностите, планирањето и финансиските обврски ќе се планираат и реализираат според потребите и расположливоста на средствата (за работи за кои се потребни финансии).

Најмалку, активностите за градење капацитети и репликација на информативни материјали ќе се спроведуваат редовно.

Оценувајќи ја соработката и потребите, страните може да предложат имплементација на дополнителни заеднички активности кои ќе ги подобрат и зајакнат капацитетите на ова поле.

### Кампањи за подигање на свеста против криумчарење мигранти и заштита на правата на мигрантите

Анализирајќи ги податоците, предизвиците и искуството од практиката, страните ќе подготват и ќе започнат кампања за подигање на свеста користејќи традиционални и/или социјални медиуми. Кампањата може да вклучува објавување на инфографици, статистички податоци, анимирани видеа, кратки видеа, приказни, публикација на цитати итн.

### Собирање и споделување на информации

На секои две години, страните ќе разменуваат информации од нивната работа и активности на терен. Информациите вклучуваат статистички податоци, идентификувани прашања/проблеми, предизвици и како тие би биле решени, профил на мигранти, идентификувани потреби, прашања за соработката итн. Преку процесот на споделување, страните ќе можат да ги коментираат податоците, да дадат свое мислење, ажурирање и повратни информации за идентификуваните прекршувања, итн. На овој начин страните ќе обезбедат транспарентност, ќе имаат увид во дефинираните прашања и ќе предложат решенија за ревизија на пристапите и соработката меѓу страните.

### Заеднички извештај и разгледување на заклучоците и препораките

Страните ќе подготват и објават заеднички извештај врз основа на активностите спроведени како дел од оваа соработка. Пред објавување, извештајот ќе биде одобрен од двете страни. Доколку страните се согласат, извештајот може да вклучува делови каде што се презентираат различни мислења за одредени прашања, проблеми или предизвици.

Извештајот ќе го одразува заедничкиот и партиципативен пристап во адресирање на парашањата и потребите на криумчарените мигранти и системот за управување со миграцијата како целина.

Заклучоците и препораките во извештајот ќе послужат како основа за подобрување и ревидирање на регулативите, политиките и практиките за кои двете страни активно ќе се залагаат.

Идентификуваните предизвици и непостапување на која било од страните ќе бидат заеднички адресирани и решени преку процесот на планирање на активностите.

### Временска рамка и лице за контакт

Меморандум за соработка ќе биде склучен на неопределено време. Обемот на соработката дефиниран во Меморандумот за соработка ќе се прошири по претходна согласност, со известување, без потреба од измена или потпишување на нов Меморандумот за соработка. Меморандумот за соработка може да се прекине во рок од 30 дена доколку едната страна ја извести другата страна за прекин на соработката.

Секоја страна ќе назначи лице за контакт и ќе ги достави деталите за контакт на другата страна. Можните промени ќе бидат соопштени во најкраток рок преку е-пошта.

# Анекс I

## ПРАШАЛНИК

**Општи информации:**

| | |
|---|---|
| **Организација** | |
| **Земја** | |
| **Град** | |
| **Адреса** | |
| **Име и презиме** | |
| **Функција/позиција** | |
| **Контакт е-маил адреса** | |
| **Телефон за контакт** | |

Се согласувам директно да ме контактираат во врска со резултатите од прашалникот: ☐ ДА ☐ НЕ

### Дел I

**1. Која група на граѓански организации ја претставувате во однос на обемот на вашата работа?**

☐ Заштита на човековите права
☐ Заштита на правата на жените,децата и младите
☐ Реформа и соработка во безбедносниот сектор
☐ Поддршка за барателите на азил
☐ Заштита на мигрантите
☐ Борба против трговијата со луѓе и други форми на експлоатација
☐ Друго (наведете):

**Ве молиме наведете повеќе детали за обемот на вашата работа:**

☐ Директна работа со корисниците (правна помош, психолошка поддршка, хуманитарна помош, итн.)
☐ Активности за застапување (јавно застапување)
☐ Образование (едукативни и други работилници, итн.)
☐ Друго (наведете):

Наведете ги најважните активности и проекти што вашата организација ги спроведе во претходните две години:

**2. Колку луѓе вработувате вкупно?**

☐ 1 - 5
☐ 6 - 10
☐ 11 - 20
☐ 21 - 30
☐ Над 30

Ве молиме наведете подетални информации за категориите вработени (административни работници, социјални работници, преведувачи, дипломирани правници итн.). Дополнително, ве молиме наведете дали тие најчесто работат со корисниците или се ангажирани во активности за застапување, истражување, активности за градење капацитети:

3. **Територијалното покривање на обемот на вашата работа вклучува:**

☐ Територија на локалната самоуправа
☐ Национално ниво
☐ Регионално ниво
☐ Меѓународно ниво

Ве молиме наведете подетални информации за нивото на кое вашата организација обезбедува услуги како дел од својата работа:

**4. Дали тесно соработувате со граѓански организации со исти цели?**

☐ Да *(наведете ги организациите со кои соработувате, дали соработката се одвива на национално/регионално/меѓународно ниво, опишете го полето на заедничко дејствување или активностите што ги спроведувате во партнерство итн.)*

☐ НЕ

## Дел II

**5. Ве молиме наведете ги најважните валидни документи или акти за јавна политика усвоени од вашата земја во рамките на законодавниот процес во областа на системот за управување со миграцијата:**

**6. Ве молиме наведете одредени категории мигранти кои, според вашето мислење, секогаш се изложени на зголемен ризик од злоупотреба и насилство, експлоатација и запоставување:**

**7. Според вашето работно искуство, одберете ги начините на кои мигрантите обично ја минуваат државната граница надвор од соодветните гранични премини и/или без соодветниот патен или друг документ пропишан за преминување на државната граница:**

☐ Преку „зелената граница" или со чамци со помош на локални водичи ангажирани за таа цел
☐ Во групи, со користење на информатички и комуникациски технологии/системи за сателитска навигација
☐ Скриен во возилата
☐ Користење фалсификувани патни исправи
☐ Друго:

**Ве молиме изберете дали начините на преминување на државната граница наведени во прашање 7 содржат елементи на казниво дело во согласност со важечкото национално законодавство?**

☐ Прекршок
☐ Кривично дело
☐ И прекршочно и кривично дело
☐ Не е казнив прекршок ако таков државен премин се врши во транзит во обид да се дозволи мигрант да влезе на територијата на Европската унија и таму да постигне меѓународна заштита
☐ Ништо од понудените

Ве молиме објаснете:

**8. Ве молиме изберете ги задолжителните елементи на криумчарење мигранти:**

☐ Употреба на сила или закана со употреба на сила против мигрант
☐ Обезбедување илегален влез на мигрант во друга земја
☐ Постоење на согласност од мигранти
☐ Злоупотреба на моќ или злоупотреба на ранливост
☐ Постоење на намера да се добие финансиска или материјална корист
☐ Постоење на намера за експлоатација на мигрант

Наведете поврзани кривични дела:

## Дел III

**9. Дали вашата организација тесно соработува со државните органи?**

☐ Да

☐ Не (одете во делот II)

**10. На кое поле се одвива соработката со државните органи?**

☐ Креирање и развој на јавна политика и учество во законодавниот процес (пишување нацрт-документи, коментирање на предлози, итн.)

☐ Градење на капацитетите на државните органи (обука, образование и сл.)

☐ Теренска работа (преку директен контакт со корисниците, дополнителна заштита на жртвите, итн.)

☐ Друго (наведете):

**Колку често соработувате со државните органи?**

☐ Дневно
☐ Периодично
☐ Повремено/спорадично

Ве молиме наведете подетални информации за соработката што вашата организација ја има со државните органи:

**11. Дали сте имале искуство во соработка со државни органи во областа борба против криумчарење со луѓе и слични кривични дела**

☐ Да *(опишете го начинот на соработка)*

☐ НЕ

**12. Како ја оценувате вашата соработка со државните органи?**

☐ Целосно задоволително
☐ Многу задоволително
☐ Задоволително
☐ Помалку од задоволително
☐ Незадоволително

Дополнителни коментари во врска со одговорите:

## Дел IV

**13. Дали сте имале можност да посетувате обука/образование за следниве теми во изминатите две години: 1) принципи и норми за човекови права, 2) третман на баратели на азил и нивна заштита 3) третман на мигранти и странци и нивна заштита?**

☐ Не сум посетувал курсеви за обука/образование на оваа тема (одете на прашање 14)
☐ Помеѓу 1 и 5 курсеви за обука/образование
☐ Помеѓу 6 и 10 курсеви за обука/образование
☐ Повеќе од 11 курсеви за обука/едукација

Ве молиме наведете ги главните тематски области:

| **Обука за стандарди** | | **Број** | **Најважни теми** |
|---|---|---|---|
| ООН | ☐ Да ☐ Не | | |
| Совет на Европа | ☐ Да ☐ Не | | |
| Европска Унија | ☐ Да ☐ Не | | |

**14. Дали сте имале можност да посетувате обука/едукација поврзано со криумчарење на мигранти / трговија со луѓе и поврзани кривични дела во претходните две години**

☐ Не сум посетувал курсеви за обука/образование на оваа тема (одете во делот V)
☐ Помеѓу 1 и 5 курсеви за обука/образование
☐ Помеѓу 6 и 10 курсеви за обука/образование
☐ Повеќе од 11 курсеви за обука/едукација

Ве молиме наведете ги главните тематски области:

---

Дали наведената обука ја опфати домашната законодавна и институционална рамка од областа на криумчарење на мигранти / трговија со луѓе и слични кривични дела?

☐ Да
☐ Не

Дали наведената обука вклучуваше учесници од надлежни државни органи/институции од областа на криумчарење на мигранти / трговија со луѓе и слични кривични дела?

☐ Да
☐ Не

Дополнителни коментари во врска со одговорите:

---

---

---

## Дел V - Дополнителни коментари

**Обезбедете дополнителни коментари или објаснувања, доколку ги има, во врска со вашите одговори (максимум 5.000 зборови):**

---

---

---

---

---

---

# Анекс II

**(1) Кратка презентација/информации за мониторинг посетите, спроведените интервјуа и други извори на информации кои се користат.**

**(2) *Modus operandi* на криумчарење мигранти во вашата земја**

- Опишете ги географските карактеристики на патиштата за криумчарење (опишете ги маршрутите на неправилно движење низ вашата земја, обезбедувајќи го степенот до кој се користат услугите за криумчар ење на секоја од рутите)
- Како се водат криумчарските операции (опишете ги активностите за влез во земјата, транзит низ неа, престој во неа и граничен премин на излез од државата)
- Дали постојат одредени правци/начини на кои мигрантите се криумчарат од некои земји
- Дали во претходниот период криумчарите го промениле начинот на кој им овозможувале на мигрантите незаконски да ја преминат државната граница/илегално да останат во земјата/ да транзитираат низ државата и во која смисла?
- Кога ги опишувате операциите на криумчарење, ве молиме наведете опис на условите во кои се наоѓале криумчарените мигранти (на пр. ако операцијата за криумчарење се однесува на олеснување на незаконско преминување на државната граница, а мигрантите биле префрлени во возило, опишете дали биле скриени, што дали е капацитетот на возилото и колку мигранти имало во возилото; и дали криумчарите им го олесниле нивниот незаконски престој во земјата, опишете дали можат слободно да се движат во сместувачкиот објект и дали може да го напуштат; дали криумчаритте им ја одзеле патната исправа момент за време на криумчарскитте операции на територијата на вашата земја итн.?) Дали биле изложени на некакви ризици и на кои?
- Колку плаќаат мигрантите на криумчарите и кои се начините на плаќање? Од што зависи износот на плаќањето? Дали има некои специфични барања во зависност од земјата на потекло на мигрантите?
- Дали има евидентирани случаи во кои криумчарите добивале друг вид компензација наместо пари од криумчарените мигранти, за услугата за олеснување на незаконско преминување/престој на граница/ транзит низ вашата земја? (на пр. работен ангажман на мигранти, обезбедување други услуги од криумчарени мигранти итн.)
- До кој степен олеснувањето на илегалниот престој во, транзитот или излезот од земјата веќе беше договорено назад во земјата на дестинација, и до кој степен за време на престојот на мигрантот во вашата земја (или во друга земја на СБ)?
- Во случаи кога транзитот на мигрантот низ вашата земја бил договорен пред неговото/нејзиното пристигнување во земјата, ве молиме наведете ги причините за престојот на мигрантот во вашата земја (на пр.)

**(3) Криумчари**

- Како мигрантите ги наоѓаат криумчарите? Како стапуваат во контакт со нив? (по телефон/социјални мрежи, кои?). До кој степен мигрантите стапуваат во контакт со криумчарите додека престојуваат во кампови за сместување? Дали имате информации за начинот на кој криумчарите ги рекламираат своите услуги?
- Во случај кога се вмешани повеќе криумчари, кои се некои од клучните причини поради кои мигрантот се определува за одредено лице (препорака од семејството/пријателите, сума на пари или други причини)?
- Наведете ги земјите на државјанство на криумчарите?
- Дали има мигранти меѓу криумчарите и до кој степен? Какви улоги имаат мигрантите во групите на криумчари (обезбедете детален опис) и дали добиваат плата за помагање на криумчарите? Доколку не земаат плата, дали добиваат некој друг вид бенефиции и какви?
- Како би го оцениле нивото на организација на криумчарите во вашата земја? Дали има случаи на поединечно дејствување на криумчари или криумчарски операции се организирани само од група криумчари?

- Според достапните, директни наоди, опишете ги улогите на поединечните членови на криминалната група криумчари во секоја фаза на криумчарење во вашата земја: пред влезот, за време на престојот, транзитот и граничниот премин при излегување од земјата.
- Како би ја опишале улогата на локалните граѓани како членови на криминалната група криумчари? Дали тие се обично организатори или локални координатори/превозници/водичи при преминување на границата итн.?
- Според вашите сознанија, до кој степен таксистите, регистрираните транспортни оператори, како и сопствениците на хостели, гостилници и приватни станови/куќи се поврзани со локални координатори или организатори на криумчарењето во вашата земја?
- Дали има членови на властите меѓу криумчарите и до кој степен? (припадници на полиција/припадници на царински органи/членови на органи задолжени за сместување и прием/членови на центри за социјална работа итн.)

**(4) Криумчарени мигранти**

- Што се случува кога мигрантот не може да му ја плати на криумчарот договорената сума/рата? (како тој/таа го отплаќа долгот?)
- До кој степен криумчарените мигранти се изложени на физички напади од криумчари? (кои се највообичаените причини за нападот и околностите во кои се случуваат нападите?)
- Дали криумчарите во процесот на криумчарење конфискуваат движен имот од криумчарени мигранти и до кој степен? (наведете примери за кои сте слушнале)
- Дали криумчарите конфискуваат движен имот од криумчарените мигранти со употреба на сила или закани по живот или тело и до кој степен? (наведете примери за кои сте слушнале)
- Со оглед на елементите на кривичното дело трговија со луѓе, во согласност со националното законодавство, дали има случаи каде што криумчарите го олесниле нелегално преминување на државна граница/транзит/престој на мигрант/мигранти заради нивна експлоатација? (ако имате било какви сознанија за нив, ве молиме опишете ги случаите и мерките преземени и од мигрантите/граѓански организации кои биле во контакт со него/неа и од надлежните органи)
- Дали сте запознаени со некои случаи кога криумчарите против нивна волја чувале или земале криумчарени мигранти со цел да изнудат пари од нив или од други лица?
- Според вашите теренски податоци, до кој степен малолетниците/семејствата/жените мигранти без придружба ги користат услугите на криумчарите за влез/престој во/излез од вашата земја? Според нив, како биле третирани од страна на криумчарите во текот на процесот на криумчарење?
- Според достапните податоци, кога полицијата пресретнува/фаќа криумчари во близина на границата или на територијата, какви последователни мерки се преземаат во однос на идентификуваните криумчарени мигранти? Опишете ја постапката за третман на идентификуваните малолетни мигранти без придружба, како и на лицата со видливи физички повреди кај криумчарените мигранти (улогата на надлежниот центар за социјална работа, примарните здравствени установи)

**(5) Соработка со надлежните органи**

- Колку криумчарените мигранти кои биле нападнати или ограбени за време на криумчарењето или чии други права биле повредени, започнуваат судски постапки против криумчарите/сторителите и до кој степен им е потребна полициска заштита? Дали како организација сте се обратиле до надлежните органи/почнале судски постапки против сторителите во случаи за кои сте имале некои индиции или други сознанија? Дали имате податоци од терен за тоа дали некои други организации или поединци се обратиле до надлежните органи?
- Покрај изјавата што криумчарените мигранти ја даваат до полицијата/обвинителството веднаш по пресретнувањето на операцијата за криумчарење, дали имате сознанија дали криумчарените мигранти се повикани да дадат исказ пред судија во подоцнежна фаза од постапката покрената против криумчарите?

- Ве молиме објаснете ја улогата на граѓанските организации како врска во собирањето информации и подготовката на криумчарените мигранти за давање изјави и давање докази во кривичните истраги против криумчарите.
- Ве молиме објаснете ја улогата на граѓанските организации во однос на спроведувањето на превентивни активности за обезбедување информации за ризиците од криумчарењето.

**(б) Практиката на спречување на криумчарење и заштита на криумчарени мигранти**

Наведете и опишете ги подетално активностите што се спроведуваат на национално и локално ниво во вашата земја, а кои имаат за цел да го постигнат следново:

- спречување на криумчарење мигранти
- заштита на криумчарените мигранти од различни форми на злоупотреба и ризици што ги носи криумчарењето

